Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по изборниот наставен предмет **Менаџмент** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование за учебната 2020/21 година.

## 1. ВОВЕД

Скратената наставна програма по изборниот наставен предмет **Менаџмент** за **IV (четврта)** година на гимназиското образование за учебната 2020/21 година се базира на целите предвидени со наставната програма за настaвиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со неделен фонд од 2 часа се предвидуваат 58 часа во скратената наставна програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ТЕМИ И НАСТАВНИ ЕДИНИЦИ

Тема 1: **Вовед во менаџментот** (4 часа)

Наставни единици:

- Дефиниција за менаџмент
- Значење и цели на менаџментот
- Функции на менаџментот
- Видови на менаџмент

Тема 2: **Менаџери** (4 часа)

Наставни единици:

- Менаџер - вештини и однесувања
- Карактеристики на менаџерот
- Улога на менаџерот

Тема 3: **Планирање** (4 часа)

Наставни единици:

- Дефиниција за планирање
- Видови на планирање
- Планирањето како процес

Тема 3а: **Цели, политики и планови** ( 22 часа)

Наставни единици:

- Елементи на планирањето - цели и планови
- Дефинирање и утврдување на целите
- Дефинирање на деловната политика
- Видови и карактеристики на планови

Тема 4: **Организирање** (5 часа)

Наставни единици:

- Организирање како менаџерска функција
- Организациска структура
- Принципи на организирање

Тема 5: **Координирање** (4 часа)

Наставни единици:

- Координирање како менаџерска функција
- Методи на координирање

Тема 6: **Мотивирање** (5 часа)

Наставни единици:

- Мотив и мотивација
- Видови на мотиви и мотивации
- Менаџерот како мотиватор

Тема 7: **Контролирање** (5 часа)

Наставни единици:

- Контролирање како менаџерска функција
- Фази на процесот на контролирање

- Видови на контрола

Тема 8: **Одлучување** (5 часа)

Наставни единици:

- Одлучување како менаџерска функција
- Видови на одлучување
- Процес на одлучување - Етапи во одлучувањето

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните единици во скратената наставна програма по изборниот наставен предмет Менаџмент за IV (четврта) година на гимназиското образование за учебната 2020/21 година го даваат текот на реализацијата на наставниот материјал. Според потребите, наставниците самите го распределуваат предвидениот скратен фонд на часови наменет за новите содржини, за повторување, утврдување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање, истражување, реализација на проекти, организирање настани и сл.

Во процесот на поучување наставникот треба да применува методи и форми на активна настава. При разработка на новата наставна единица, наставникот треба постојано да ги вклучува учениците во текот на часот преку прашања и одговори, искажување на ставови, дискусии и сл. Со техниките на учење што ќе ги применува наставникот ќе се овозможи развивање на критичкото размислување кај учениците, способноста за самостојно истражување, анализирање и решавање на проблеми.

Следењето на постигањата на учениците наставникот индивидуално го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејќи најразлични методи, техники и инструменти. Навремената и конструктивната повратна информација им овозможува на учениците да ги идентификуваат следните чекори потребни за да напредуваат во учењето.

Заради постигнување на целите од редовната наставна програма по наставниот предмет Менаџмент планирано е примена на различни наставни средства и помагала: учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење, компјутерска и мултимедијална опрема, ЛЦД проектор, аудио-визуелни наставни средства, Интернет, образовни софтвери, дигитални содржини, образовни платформи, апликации и др. согласно условите и можностите на училиштето.

## 4. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по изборниот наставен предмет **Менаџмент** за **IV (четврта) година** на гимназиското образование за учебната 2020/21 година ја утврди

Рег.бр. 12-8424/89
16-09-2020 г.

Министер за образование и наука
Мила Царовска